**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Заклучоци и препораки од 10.седница на НСП**
одржана на ден 02.05.2007 година

Скопје, 03.05.2007 година

Пред почетокот на седницата, заради настаната промена на одделни членови во НСП, беше побарано основачите на НСП за ново номинираните членови да достават писмено известување до НСП. Исто така, врз основа на дискусија и барање на новите членови во НСП, со цел натамошно унапредување на работата се заклучи дека основачите на НСП (Министерство за финансиии, Здружение на банкарството и Народна банка на Република Македонија) во секое време можат да предложат ревизија и измени и дополнувања на Спогодбата за основање на НСП и Деловникот за работа.

1. **Усвојување на записникот од 9.седница на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.**

   Советот го усвои записникот од 9 седница на НСП.

2. **Информација по однос на препораките од 9.седница на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.**

НСП го разгледа известувањето од Министерството за финансии *за состојбите со решенијата за присилна наплата и налози за извршување од сметките на општините и преземените активности*, по однос на препораките од 9.седница, при што особено го поддржа дадениот предлог во новиот Закон за платен промет да се вградат одредби со кои ќе се забрани цесија, компезација и асигнација на/со субјекти кои имаат блокирани сметки и препорача во Законот да се вградат соодветни казнени одредби.

*Во врска со големиот број на блокирани сметки* што преставува лоша слика за ефикасноста на наплатата во државата, НСП заклучи на следната седница ова прашање да се постави како посебна точка и да се поканат преставници од Министерството за економија заради иницирање на законски решенија во законите со кои се регулира стечајната постапка и работењето на трговските друштва.

Во врска со препораката, УЈП да достави список на *немигрирани сметки* со матичен и даночен број до НБРМ за потоа НБРМ да го дистрибуира до банките со цел да се проверат со активните сметки кај банките и одстранат евентуалните пропусти во постапката на миграција на сметките која се одвиваше во периодот на реформата на платниот систем во 2001 година, од страна на УЈП до НБРМ беше доставен список кој заради нецелосни податоци беше вратен за корекции и дополнување. Се очекува УЈП наскоро да го достави ревидираниот список, по кој НБРМ и банките понатаму би ја имплементирале препораката во целост.

Во врска со препораката од точка 3 од 8. седница, се констатира дека од страна на Министерството за правда, *земени се во предвид предлозите на НСП за измените и дополнувањата на Законот за извршување*, а предлозите за подзаконската регулатива ќе се имаат во предвид во ревизијата по усвојувањето

**Народна банка на Република Македонија**
Комплекс банки б.б., 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-282
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3122-109
**www.nbrm.gov.mk**

на Законот за измени и дополнувања на Законот за извршување. НСП ја оцени за особено успешна соработката со Министерството за правда.

Во врска со препораката за *пријавување на сметките на физичките лица во ЕРИС* од страна на банките, беше заклучено дека, во услови на постоење на голем број сметки на физички лица и недефинирана трансакциска сметка преку која се извршуваат плаќањата, ова прашање е тешко спроведливо по постојната регулатива и е дефиниран предлог од Работниот комитет при Министерството за финансии кој работи на новиот Закон за платен промет да се реши преку дефинирање на поимот трансакциска сметка и поставување на обврска носителите на платен промет во определен временски рок да ги пријават овие сметки.

По препораката од точка 5 од 8.седница во врска со *ревизијата на Законот за платен промет*, членовите на Министерството за финансии информираа дека е формиран Работен комитет за изработка на предлог Закон за платен промет во кој учествуваат претставници од банките и НБРМ, а кои воедно се и членови на НСП, со што во овој предлог Закон се овозможува да бидат опфатени и регулирани голем број од веќе нотираните и дискутирани прашања на НСП.

Во врска со препораката од точка 6 се заклучи дека доколку има предлози *во Законот за меница и чек,* НСП ќе биде информиран.

**3. Усвојување на Стратегија за развој на платниот систем на Република Македонија до 2011 година и препораки за имплементација на истата.**

НСП најпрво ги прифати усно дадените сугестии од Министерството за финансии за подобрување на постојниот текст на Стратегијата. По дискусијата и предлозите од членовите за стратешкото значење на овој документ за идниот развој на националните платни системи, *НСП ја усвои Стратегијата како консултативен документ* на кој, најдоцна до крајот на месец мај, Министерството за финансии, Народна банка и Здружението за банкарство, ќе достават дополнувања и забелешки, а истовремено да се извршат консултации и со пошироките корисници на платните услуги преку нивните здруженија во стопанските комори. По завршувањето на процесот на консултации и усогласување на институционално ниво, НСП ќе закаже седница на која ќе се разгледа дефинитивната верзија на Стратегијата со цел нејзина верификација на национално ниво.

НСП *ги разгледа и прифати следните препораки за имплементација на Стратегијата, со можност за нивно дополнување* во процесот на консултации и оформување на крајниот текст на Стратегијата:

1. Министерството за финансии со новиот Предлог Закон за платен промет, преку активно вклучување на претставници од Народна банка и банкарскиот сектор, како и консултации и соработка со членовите на работните групи за изработка на Националната програма за усвојување на европската регулатива, треба да обезбеди:

- имплементирање на ЕУ директивите и други правни акти релевантни за обезбедување на ефикасен, стабилен и сигурен платен систем, вклучително и општо прифатените поими и функции на платните системи и системи за порамнување на хартии од вредност;
- имплементирање на петте основни принципи на правото;
- дефинирање на улогата на Народна банка на Република Македонија во платните системи согласно Договорот за формирање на ЕУ и Протоколот за статутот на европскиот систем

на централни банки и Европската централна банка, кое исто така треба да биде имплементирано во новиот Предлог Закон за Народна банка и усогласено со новиот Предлог Закон за Народна банка;

- дефинирање на поимот тековни (трансакциски) сметки на сите учесници во платниот промет преку кои единствено ќе се извршуваат платните трансакции;
- соодветни одредби за издавање и работа со електронски пари;
- експлицитно во новиот Закон за платен промет да се забрани цесија, компезација и асигнација со блокирани субјекти.

2. Народна банка на Република Македонија по донесувањето на новата регулатива (Законот за Народна банка и Законот за платен промет), со која ќе се дефинираат улогата и задачите на Народна банка како централна банка во европски контекст одговорна за ефикасно и непречено функционирање на платните системи, треба да обезбеди:

- соодветна регулатива и процедури за извршување на улогата за надзор на платните системи со цел нивно ефикасно, сигурно и непречено функционирање, како и за останатите улоги на оператор, катализатор и корисник на платните услуги;
- формално прифаќање на Базичните принципи за системски важните платни системи и 4-те одговорности на централната банка за сигурен, стабилен и ефикасен платен систем;
- во соработка со Министерството за финансии и банкарскиот сектор, преку својата основна функција за дистрибуција на готовина, правила и услови за обезбедување на банките со готовина и плаќање во кеш од страна на сите учесници во платниот промет;
- соодветна регулатива за транспарентност на цените и услугите за вршење на плаќање од страна на банките, согласно ЕУ директивите и најдобрите светски практики со цел ефикасно и конкурентно функционирање на пазарот на платни услуги и заштита на клиентите;
- зголемување на интензитетот на стручно усовршување на вработените во областа на платните системи и нивното надгледување, како и пренесување на стекнатото искуство на банкарскиот сектор преку соодветна обука.

3. Банките како носители на платниот промет, по донесувањето на новата регулатива, треба да обезбедат:

- соодветна примена и работа преку трансакциски сметки на сите учесници (правни и физички лица) во платниот промет и пријавување на истите во ЕРИС-от;
- транспарентност на цените и услугите за извршување на платните трансакции.

4. Здружението за банкарство и банките одделно, со цел зголемување на бројот на граѓани со банкарски сметки, овозможување на побрза и поефикасна услуга при извршување на плаќањата и подобра дистрибуција на платно сервисните услуги, да креираат и имплементираат политики со кои ќе се овозможи:

- клиентите да бидат подобро информирани за платните инструменти кои можат да ги користат во извршување на плаќањата;

- намалување на работењето со кеш и зголемување на работењето со парични картички што би довело до намалување на нивните ризици и трошоци како и нивото на готови пари во оптек;
- меѓусебно користење на платните услуги, сервиси и платни системи, преку договорно регулирање на нивните меѓусебни обврски.

5. Националниот платен совет во соработка со регулаторните тела и банките, со цел натамошен развој на платните инструменти и нивна хармонизација со паневропската платежна инфраструктура, да формира:

- Работна група за електронски кредитни трансфери;
- Работна група за електронски директни задолжувања;
- Работна група за платежни картички;
- Работна група за кеш;
- Работна група за правна подршка;
- Работна група за подршка на операции, инфраструктура, технологија и стандарди.

Овие работни групи, преку следењето на конвенциите, стандардите и препораките на соодветните групи при Европскиот платен совет и следењето на состојбите и условите на национално ниво, ќе имаат задача да даваат предлози за соодветно нивно имплементирање во банкарската индустрија во Република Македонија и изградба на архитектура со која на македонските граѓани ќе им се овозможи сиурно и ефикасно плаќање меѓу било кои две сметки во земјата и идно сигурно интегрирање во еврозоната.

По добивањето на забелешките и предлозите за Стратегијата и нејзината верификација од страна на институциите што го сочинуваат НСП на консензуална основа, потребно е да се изготви *акционен план за имплементирање на препораките.*

**4. Иницијатива за воведување на инструмент за директно задолжување и шема за директно задолжување.**

НСП усвои препорака, банките во координација со КИБС АД Скопје да ја разгледаат можноста за конструкција на шема за директно задолжување во Македонија користејќи ги искуствата од ЕУ со цел имплементација на инструментот во Македонија.

**5. Иницијатива на Комерцијална банка АД Скопје за начин на решавање на рекламации од носител на платен промет за направена грешка во извршувањето на платниот промет кога доверител е Трезорската сметка.**

НСП ја прифати иницијативата која треба да биде разгледана во Министерството за финансии како регулатор на оваа материја.

Емилија Нацевска, с.р.
Вицегувернер
Претседател на
Националниот Совет за Платни Системи